# Општина Карпош
# Неделен
# Е-Билтен

Изготвува: Одделение за односи со јавност

WWW.KARPOS.GOV.MK
gradonacalnik@karpos.gov.mk

# „НЕ“ ЗА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ ВО „ЛЕПТОКАРИЈА“

**Граѓаните од станбениот дел на ТЦ „Карпош 3“ се изјаснија: „Не“ за зонското паркирање во овој дел од општината.**

**Имено, во среда, 21 септември годинава, беше организирана и спроведена анкета во ТЦ Карпош 3 (Лептокарија) која требаше да го покаже расположението на станарите од тој дел на општината околу воведувањето на т.н. зонско паркирање. Анкетата ја извршија заеднички екипи на ЈП “Градски паркинг” - Скопје и Општината Карпош, а беа анкетирани сите станари кои беа во своите домови во периодот од 18 до 20 часот.**

**Поточно, петте екипи од по два члена (претставник на Општината и претставник на Градски паркинг) добија пополнети 192 анкетни листа. Резултатите од анкетата недвосмислено покажаа дека мнозинството на граѓани кои живеат на таа локација не сакаат воведување на зонско паркирање, односно 62,5% гласале „против“, а 37,5% биле „за“.**

**По завршувањето на анкетните активности беше составен Записник за текот и резултатите на анкетата и истиот беше потпишан од овластени претставници од ЈП “Градски паркинг” - Скопје и Општината Карпош, со што анкетата беше завршена.**

# ЗАВРШИ ОБУКАТА ЗА ПРВА ПОМОШ И ПОЖАРИ





Со обука за укажување на прва медицинска помош и правилно ракување со противпожарни апарати и хидранти за брзо и навремено локализирање на почетни пожари, (овој пат одржана за вработените во администрацијата), во просториите на Општина Карпош завршија предвидените обуки спроведени од страна на фирмата „Хелиум ДОО“.

Имено, станува збор за обуки кои се составен дел од Програмата за работа на Одделението за заштита и спасување на граѓани и материјални добра 2011 год, а според Законот за заштита и спасување се обврска на секоја општина, да ги спроведе меѓу утврдени целни групи кои поседуваат вакви апарати.

Обуката се спроведе од 19. 9. – 27. 9. 2011 год. на седум локации, при што беа обучени околу 250 вработени и тоа оние од општинската администрација, како и вработените од основните училишта и детските градинки кои работат на подрачјето на Општина Карпош.

Сите учесници на обуката потоа добиваат сертификати од фирмата обучувач, за ракување со апаратите и првата помош.

# XV-от јубилеен Меѓународен детски фолклорен фестивал

## “Од цвет на цвет, со оро и песна “

**кој традиционално се одржува во Општина Карпош**







Оваа година, тој е единствен по многу нешта. Имено, покрај децата–играорци од Унгарија, Полска и Србија учествуваа и повеќе од десетина фолклорни друштва од Македонија кои збогатија јубилејот.

Годинава за прв пат фолклорните ансамбли одржаа концерти во самите училишта во Карпош, така што веќе во петок, 23 септември ги посетија училиштата „Петар Поп Арсов“ и „Јан Амос Коменски“. На тој начин младите фолклорци, на самото место, пред своите другарчиња ја презентираа својата национална култура и традиција, а и повеќе ќе се зближат и дружат со своите врсници.

Во саботата, на 24 септември во 11 часот младите фолклорци, учесници на фестивалот го одржаа своето традиционално фолклорно дефиле по улиците на Карпош, кое започна од пред основното училиште „Јан Амос Коменски“. Во саботата и во неделата вечер, на 24 и 25 септември во 19 часот, сите детски ансамбли одржаа концерти на Кејот на Вардар кај Амфитеатарот. Организатор на фестивалот е МКУД „Цветан Димов“, а покровител Општина Карпош.







# Петта по ред Меѓународна ликовна колонија „Св. Пантелејмон“

**30септ-01окт**

Традиционално годинава се одржа петтата по ред Меѓународна ликовна колонија „Свети Пантелејмон“ на која учествуваа триесеттина деца, млади сликарски таленти од десетте основни училишта во општина Карпош и од петте пријателски и збратимени општини на Општина Карпош: Нов Белград – Белград, , Тиват – Црна Гора, Стари град и Травник од БиХ и единаесет нивни ментори, професори по ликовно воспитување.

Годинава 30-тина ученици, учесници на ликовната колонија „Св. Пантелејмон“ (20 од училиштата од Карпош и осуммина од странство), во петокот сликаа со акрилни бои на платно мотиви од манастирот „Св. Пантелејмон“ и од другите културни знаменитости на градот Скопје.

Во саботата (01 Октомври) младите уметници своите платна ги поставија на неколку локалитети низ ТЦ „Карпош 3“ каде сликаа на слободна тема, а потоа ги изложија во Детскиот ликовен центар (Кинотека на Македонија) во Општина Карпош, каде ќе бидат поставени за разгледување до 5 октомври

Колонијата ја прогласи за отворена, градоначалникот на општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој рече дека Карпош постојано инвестира во својата иднина, а нејзината иднина се токму младите. Општината во секое време е подготвена да инвестира во ентузијазмот и на професорите по ликовна уметност и во младите таленти, а како доказ за тоа е организирањето и опстојувањето токму на оваа ликовна колонија која од година во година добива во масовност, но и во квалитет. Квалитет повеќе од овие заеднички дружења е богатството на искуства и пријателства што ги понесуваат со себе младите уметници од регионот. Јакимовски изрази желба оваа манифестација да ја продолжи својата традиција со цел повеќе да се зближат пријателските и збратимени општини од регионот и пошироко.





На колонијата триесет деца се стекнаа со дипломи за учество на годинешниот ликовен хепенинг во Карпош, од кои 20 млади сликари од Македонија (од основните училишта во општината) и осум млади таленти од збратимените општини од Србија, Црна Гора и БиХ. Идните уметници ги придружуваа и нивните професори по ликовна уметност, седум од Општина Карпош и четворица од странство. Дипломите за учество на годинешната сликарска колонија им ги врачи градоначалникот на Општина Карпош, г. Стевчо Јакимовски, кој ги покани на ново сликарско дружење в година и им посака во иднина да работат на натамошно развивање на својот талент.

WWW.KARPOS.GOV.MK
gradonacalnik@karpos.gov.mk

# 40та седница на советот на Општина Карпош

## УСВОЕНИ ДВА ПРЕДЛОГА И ЧЕТИРИ НАЦРТ-ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНА

-Заклучок за усвојување на Годишните програми за работа на основните училишта на подрачјето на општина Карпош за учебната 2011/2012 година, мислења за Програмите за екскурзии на основните училишта на подрачјето на општина Карпош за учебната 2011/2012 година.

-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за населба Козле, УЗ Кузман Јосифовски-Питу, дел Б, Општина Карпош – Скопје

-Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за ГП 1.14, од Детален урбанистички план за дел од УЗ Тафталице 1, Тафталице 30, У.Б. 1 (гимназија „Георги Димитров“) КП 2773, Општина Карпош – Скопје

-Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за ГП 9.6, од Детален урбанистички план, Тафталице 2, северен дел (ОУ „Братство“), Општина Карпош – Скопје

-Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за дел од локалитет Момин Поток, Општина Карпош – Скопје

-Одлука за утврдување на Нацрт-детален урбанистички план за урбан блок Карпош 3, „Трговско-спортски центар“ дел од УБ 1 и УБ 3, Општина Карпош – Скопје

-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЗ Тафталице 30, урбан дел 2, 3 и 4, Општина Карпош – Скопје

**-Локален акционен план за животна средина за Општина Карпош, Решение за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ „Петар Поп Арсов", Решение за разрешување и именување на членови во Училишниот одбор на ОУ „Владо Тасевски"**

**-Одлука за ослободување од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште за изградба на административен објект на локалната самоуправа на Општина Карпош**

**-Одлука за одобрување на финансиски средства за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство во подрачјето на опфатот на ДУП за дел од УЗ Злокуќани, КО Злокуќани, Општина Карпош**

**-Одлука за одобрување финансиски средства на авторот на монографијата за Атина Бојаџи, заслужен граѓанин на Општина Крапош, по повод годишнината од нејзината смрт**

**-И информацијата за потребата од изградба на дворни огради на индивидуални станбени објекти заради реконструкција на ул. Прашка и ул. Ванчо Мицков – Општина Карпош.**

**Хуманоста на дело:**



ЗДРУЖЕНИЕ НА СЛЕПИ И ЛИЦА СО ОШТЕТЕН ВИД -СКПЈЕ
Ул "29 Ноември" бр.46 Скопје тел/факс.3 214 988

До
Собрание на општина Карпош
Градоначалник
Г-дин Стевче Јакимовски

ГОЛЕМА БЛАГОДАРНОСТ ОД ЧЛЕНОВИТЕ ПРИ ЗДРУЖЕНИЕТО НА СЛЕПИ И ЛИЦА СО ОШТЕТЕН ВИД -СКОПЈЕ ЗА ДОНИРАНИТЕ 15.000,00 ДЕНАРА

Почитуван Градоначалнк!

Дека хуманоста е доблест,дарувањето предност,а причината за тоа на кого и зошто подаруваш ,ја зголемува радоста на дарувачот и докажува дека ,и вољата на поединецот е доволна за да се потврди дека во нашето општество се уште постојат и се почитуват базичните вредности, солидарноста и взаемноста, го докажавте и Вие градоначалниче со доделените средства.

Членовите од Здружението,од срце Ви **БЛАГОДАРАТ** , и Ви посакуват многу успех на деловен и личен план, на Вас и Вашите вработени.

Председател
Костадиновски Зоран